РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-362
24.11. 2023 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3333/1 од 01.09.2023 година и Заклучокот арх.бр.02-4325/4 од 23.11.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што радиодифузерот во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 9-ти август 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3333/1 од 01.09.2023 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот

Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена во случаите кога е извршена повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот Закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од ЗАВМУ, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 31-ви август 2023 г., изврши редовен програмски надзор, при што констатираше дека на 9-ти август 2023 г. телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуваше 2 часа 18 минути и 7 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 10.21% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 32 минути и 21 секунда). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 9 август што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:32:21) е 6 часа 45 минути и 42 секунди. ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево емитуваше за 4 часа 27 минути и 35 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 06:45:42) е 3 часа 22 минути и 51 секунда програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 1 час 36 минути и 28 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 1 час 46 минути и 23 секунди помалку од потребниот минимум.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3333/1 од 01.09.2023 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 01.09.2023 г., испрати Допис арх.бр.10-3333/2 од 01.09.2023 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3333/1 од 01.09.2023 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 26.09.2023 година. Во предвидениот рок, ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 23.11.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3333/1 од 01.09.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 38-та седница одржана на 23.11.2023 г., согласно Заклучокот арх.бр.02-4325/4 од 23.11.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и му се наложува, во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-3333/1 од 01.09.2023 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

-ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Управителот на ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Одговорното лице на програмата во ТРД ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), се доставува:

01.09.2023

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10 | 3333 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево

3. **Период опфатен со надзорот:** 9 август 2023 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 31 август 2023 година

5. Предмет на надзорот:

- **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на локално ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 6 часа програма на телевизија);

- **Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуван на 9 август 2023 година, на локално ниво, **констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат*

*најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела; а се обврзани и најмалку половина од законскиот минимум (од 30%) програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, да ја емитуваат во периодот од 7,00 до 19,00 часот).*

Со надзорот е констатирано дека на 9 август 2023 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, емитуваше 2 часа 18 минути и 7 секунди програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, што е 10.21% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (22 часа 32 минути и 21 секунда). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 9 август што влегува во пресметка за изворно создадена програма (22:32:21) е 6 часа 45 минути и 42 секунди. Телевизија ГУРРА емитуваше за 4 часа 27 минути и 35 секунди помалку програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела.

Половина од законскиот минимум (од 06:45:42) е 3 часа 22 минути и 51 секунда програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 1 час 36 минути и 28 секунди изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, што во оваа ситуација е за 1 час 46 минути и 23 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево, на 9 август 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка - јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво ТВ ГУРРА ДООЕЛ Кичево и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, да му наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***